20200180329

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2020 година.

Бр. 08-754/1
22 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

ЗАКОН ЗА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредува остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и законите со кои се утврдени тие права.

Дефинирање на поимот „припадници на заедниците“

Член 2

(1) Припадници на заедниците во смисла на членот 1 од овој член, се граѓани кои припаѓаат на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, согласно со последниот попис на населението спроведен на територијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: припадници на заедниците).

(2) Под поимот заедница, во смисла на овој закон, се подразбираат делови од народите, како и делови од населението кои се државјани на Република Северна Македонија и традиционално живеат на територија на Република Северна Македонија, а по своите етнички, културни, јазични или верски особености се разликуваат од останатото население.

Области на примена на законот

Член 3

Остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците, согласно со овој закон особено се однесува во областите на заштита на правата на заедниците, нивниот идентитет, употребата на јазикот и писмото, образованието (основно, средно и високо), културата, медиумите и вработувањето согласно со начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците како и други области во кои со закон се уредени правата на припадниците на заедниците.

Забрана од дискриминација и асимилација

Член 4

(1) Се забранува каков било облик на директна или индиректна дискриминација врз етничка, јазична, верска, религиозна, расна или која било основа кон заедниците или припадниците на заедниците.

(2) Се забранува секоја активност или мерка на насилна асимилација на припадниците на заедниците.

Гарантирање на стекнати права

Член 5

Се гарантираат стекнатите права на заедниците утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, закон и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија, како и општо прифатените правила на меѓународното право.

Право на образование

Член 6

Припадниците на заедниците имаат право на образование на својот јазик и писмо во сите степени, согласно со закон.

Право на информирање

Член 7

Припадниците на заедниците имаат право на примање и пренесување на информации на својот јазик и писмо преку електронски и печатени медиуми, согласно со закон.

Права од областа на културата

Член 8

(1) Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници, согласно со закон.

(2) На припадниците на заедниците им се гарантира заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет.

Право на употреба на мајчин јазик и писмо

Член 9

Припадниците на заедниците имаат право на употреба на својот јазик и писмо, согласно со закон.

Право на основање институции, здруженија и фондации

Член 10

Припадниците на заедниците имаат право да основаат културни, уметнички, образовни институции, како и научни и други здруженија и фондации заради изразување, негување и развивање на нивниот идентитет, согласно со закон.

Право на употреба на симболите на заедниците

Член 11

Припадниците на заедниците имаат право на употреба на свои симболи, согласно со закон.

Примена на начелото на соодветна и правична застапеност при вработувањето.

Член 12

За припадниците на заедниците при вработувањето во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа се применува начелото на соодветна и правична застапеност, согласно со закон.

II. АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Агенција за остварување на правата на заедниците

Член 13

(1) За остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и законите со кои се утврдени тие права е надлежна Агенцијата за остварување на правата на заедниците (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) Агенцијата е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, со седиште во Скопје.

Цели на Агенцијата

Член 14

Цели на Агенцијата се остварувањето, унапредувањето, заштитата и надзорот над остварувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, промовирање на меѓусебното разбирање и толеранција на сите заедници заради одржување, негување и зајакнување на општествената кохезија во Република Северна Македонија.

Начела на работа на Агенцијата

Член 15

Агенцијата својата надлежност ја спроведува врз основа на начелата на уставност и законитост, одговорност, транспарентност, еднаквост, забрана за дискриминација, инклузивност и правичност.

Директор на Агенцијата

Член 16

(1) Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), со мандат од четири години, со право на уште едно последователно именување.

(2) Директорот на Агенцијата има заменик кој го именува и разрешува Владата за време од четири години, со право на уште едно последователно именување.

(3) За именување на директор и заменик - директор се објавува јавен оглас во два дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Заменикот го заменува директорот во случај на негово отсуство или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

(5) Заменикот во соработка со директорот врши работи од надлежност на директорот што истиот ќе му ги довери.

(6) Директорот и заменик - директорот за својата работа одговараат пред Владата.

(7) За директор и заменик - директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има познавање од областа на човековите права;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на општествените науки;

5) има минимум пет години работно искуство од областа на човековите права и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(8) На директорот или на заменик - директорот функцијата му престанува:
- по негово барање,
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца,
- со исполнување на услови за стекнување на право на старосна пензија,
- со утврдување на трајно губење на способноста за вршење на функцијата,
- со избор или именување на друга јавна функција и
- поради смрт.

(9) Директорот, односно заменик - директорот се разрешува пред истекот на мандатот за кој е именуван поради нестручно, несовесно и незаконито вршење на функцијата и на надлежностите кои му се доверени со закон.

(10) Владата донесува решение со кое се утврдува престанокот на функцијата од ставовите (8) и (9) на овој член.

Надлежност на директорот на Агенцијата

Член 17

(1) Директорот ги врши следниве работи:
- раководи со работењето на Агенцијата,
- ја претставува и застапува Агенцијата,
- донесува стратешки план и Годишна програма за работа на Агенцијата, најдоцна до декември за претходната година,
- поднесува извештај за работата на Агенцијата, до Владата, за нејзино информирање, најмалку еднаш годишно до 31 март во тековната година за претходната година и
- врши други работи согласно со закон.

(2) Стратешкиот план, годишната програма за работа и извештајот за работа на Агенцијата од ставот (1) на овој член, задолжително се објавуваат на веб - страницата на Агенцијата.

Надлежности на Агенцијата

Член 18

Агенцијата е надлежна за:

1) усогласување и координирање на работата со органите на државната управа и со Комитетот за односи со заедниците, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација, Државниот завод за статистика и Агенцијата за аудио и аудио - визуелни медиумски услуги, за прашања кои се однесуваат на остварување, унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците и унапредување на меѓуетничките односи и општествената кохезија;

2) обезбедување стручна поддршка во определувањето и реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија поврзани со обврските што произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот, а особено заради остварување, унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците;

3) обезбедување на воедначен пристап за зголемување на ефикасноста на процесот на спроведување на Годишната програма за работа на Агенцијата;

4) обезбедување и реализација на финансиски средства потребни за успешно спроведување на обврските што произлегуваат од Годишната програма за работа на Агенцијата во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија и од донатори;

5) одржување на комуникација со јавноста и другите целни групи преку медиумите и ажурирање на веб - страницата на Агенцијата;

6) изготвување информации, стручно - аналитички материјали, мислења, иницијативи и предлог заклучоци за прашања од надлежност на Агенцијата;

7) давање стручни мислења по материјалите кои ги разгледува Владата, а се во функција на остварување, унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците и унапредување на меѓуетничките односи и општествената кохезија;

8) учество во подготовка на извештаите кои Република Северна Македонија ги доставува до меѓународните и регионалните организации согласно со преземените меѓународни обврски, а кои се однесуваат на правата на припадниците на заедниците;

9) прибирање, обработување, анализа и зачувување на податоците кои се однесуваат или се поврзани со остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците;

10) преземање активности за јакнење на свеста, информирање и едукација за правата на припадниците на заедниците, начинот на нивно остварување и заштита и почитување на разноликоста, како и активности за промоција на меѓусебното разбирање и толеранција и унапредување на меѓуетничките односи, интеркултурниот дијалог и општествената кохезија и

11) поднесување иницијативи до Владата за формирање на меѓу - ресорски работни тела или групи од областите кои спаѓаат во нејзина надлежност, со цел тековно обезбедување и размена на податоци, координирање на активностите и обезбедување на кохерентен пристап кон остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците и јакнење на општествената кохезија.

Вработени во Агенцијата

Член 19

Вработените во Агенцијата имаат статус на административни службеници.

Следење и анализа на состојбите поврзани со правата на припадниците на заедниците

Член 20

(1) Агенцијата ги следи и анализира состојбите и спроведувањето на активности поврзани со правата, положбата, обврските и развојните можности на припадниците на заедниците утврдени со овој и со други закони и за тоа со информација најмалку два пати во текот на годината ја известува Владата и јавноста.

(2) На барање на Агенцијата, надлежните органи на државната управа од членот 21 од овој закон, се должни да доставуваат податоци и информации кои се однесуваат на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците, најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку за обезбедување на податоците и информациите од ставот (2) на овој член е потребен подолг временски период, во тој случај тие се доставуваат до Агенцијата најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(4) Доколку на Агенцијата не и бидат доставени бараните податоци и информации од ставот (2) на овој член во роковите од ставовите (2) и (3) на овој член, со посебен извештај го информира непосредно повисокиот орган, функционерот кој раководи со органот од ставот (2) на овој член или Владата.

(5) Агенцијата прибира и анализира податоци кои се јавно достапни и спроведува теренски истражувања заради следење на примената на законите со кои се утврдени права на припадниците на заедниците.

Усогласување и координација на работата на Агенцијата со органите на државната управа

Член 21

Агенцијата во вршењето на надлежностите утврдени со овој закон својата работа ја координира со работата на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците), Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа.

Соработка на Агенцијата со други органи, тела, здруженија и фондации

Член 22

(1) За реализација на надлежностите утврдени во овој закон, Агенцијата соработува со Комитетот за односи со заедниците, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација, Државниот завод за статистика, Агенцијата за аудио и аудио - визуелни медиумски услуги и со единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје во врска со прашањата што се однесуваат на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците и унапредување на меѓуетничките односи и општествената кохезија.

(2) Агенцијата во рамки на соработката со единиците на локалната самоуправа, особено соработува со комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво.

(3) Во рамки на своите надлежности, Агенцијата соработува и со Македонската академија на науките и уметностите, со државните и приватните универзитети и институти, како и со експерти од областа на човековите права и правата на заедниците.

(4) Согласно со принципите на транспарентност и инклузивност, Агенцијата соработува со здруженија и фондации кои ги претставуваат заедниците и кои делуваат на планот на остварување, унапредување и заштита на правата на заедниците и промоција на меѓуетничките односи и општествената кохезија.

Партиципативен форум

Член 23

(1) Партиципативниот форум претставува неформално, советодавно и консултативно тело независно од Агенцијата кое го сочинуваат претставници на здруженијата кои ги застапуваат заедниците и кои делуваат на планот на остварување, унапредување и заштита на правата на заедниците и промовирање на меѓуетничките односи и општествената интеграција, со цел нивно активно учество во процесите на креирање на политики и одлучувањето за прашања од нивен посебен интерес.

(2) Во работата на Партиципативниот форум учествуваат и претставници на органите на државната управа и институции кои се надлежни да постапуваат во областите од значење на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на заедниците од членовите 21 и 22 од овој закон.

(3) Агенцијата ја поддржува работата на Партиципативниот форум преку организирање седници на кои се расправа и дава мислења, предлози, иницијативи и препораки за прашања поврзани со остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците и јакнење на општествената кохезија.

(4) Агенцијата изготвува заклучоци и препораки од работата на Партиципативниот форум и истите ги доставува до Владата, надлежните министерства и соодветните органи на државната управа од членовите 21 и 22 од овој закон, на секои шест месеци.

Финансирање на Агенцијата

Член 24

Агенцијата се финансира од средства од Буџетот на Република Северна Македонија, донации и други извори на финансирање.

Фонд на финансиски средства

Член 25

(1) Во рамките на Агенцијата се планираат финансиски средства (во натамошниот текст: фондот) за спроведување на посебни програми и проекти за остварување и унапредување на правата на припадниците на заедниците и промоција на меѓуетничките односи и општествената кохезија.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија,
- донации и
- други извори на финансирање.

Намена на средствата од фондот

Член 26

Средствата од фондот можат да ги користат здруженијата и фондациите формирани согласно со закон, ако согласно со статутот на здружението или фондацијата како цел и задачи е определено вршење работи поврзани со остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците и промоција на меѓуетничките односи и општествената кохезија.

Оглас за користење на средствата од фондот

Член 27

(1) За користење на средствата од членот 25 од овој закон, Агенцијата распишува оглас еднаш годишно во првото тримесечје од годината, врз основа на одлука на директорот на Агенцијата.

(2) Доколку на огласот не се пријават најмалку три здруженија и фондации или пријавените здруженија и фондации не ги исполнуваат условите за доделување средства од членот 28 од овој закон, се распишува нов оглас во рок од 30 дена од завршувањето на постапка по претходниот оглас.

(3) Огласот од ставот (1) на овој член, се објавува во најмалку два дневни весници од кои еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Агенцијата.

Услови на распределба на финансиските средства од фондот

Член 28

(1) Финансиските средства од фондот се распределуваат врз основа на:

1. Организациски услови кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондации се:

- да се регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации,

- да спроведуваат активности во сферата на човековите права и правата на припадниците на заедниците, меѓуетничките односи и општествена кохезија во период од најмалку две години и

- да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг државен орган или од други извори за иста намена, што би значело двојно финансирање на истите активности од други извори.

2. Проценка на квалитетот на проектите поднесени од здруженијата и фондации кои ги исполнуваат условите од овој член, се врши врз основа на следниве посебни програмски услови:

Области	Максимум бодови
1. Организациска структура и ресурси	30
1.1. Дали здружението или фондацијата има потребна организациска структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица)	10
1.2. Дали здружението или фондацијата располага со канцелариски простор (доколку е неопходен) и техничка опрема за спроведување на проектот	10
1.3. Дали годишниот буџет на здружението или фондацијата за последната календарска година ја надминува висината на средствата кои се побаруваат	10
2. Мрежно работење и соработка	10
2.1. Дали здружението или фондацијата во последните две години реализирале проекти во соработка со други граѓански организации или органи на државната управа	10
3. Квалитет на проектот	60
3.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел	10
3.2. Дали целта на проектот е јасно определена	10
3.3. Дали целната група е соодветно определена	10
3.4. Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот	10
3.5. Дали планот за спроведување на активностите е јасен и остварлив	10
3.6. Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодветствува на пазарните цени)	10

(2) Секоја област од посебните програмски услови од ставот (1) на овој член се вреднува со 1,5 или 10 бодови, со следното значење: 1 – не; 5 – делумно и 10 – да.

(3) За пријавување на огласот од членот 27 од овој закон, здруженијата и фондации потребно е да ги достават следниве документи:

- Пријава за финансиска поддршка,

- Предлог - проект,

- Статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата,

- доказ за реализирани активности во сферата на човековите права и правата на припадниците на заедниците и меѓуетничките односи во период од најмалку две години,

- Програма за реализација на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците од областа на образованието, науката, културата, информативната дејност, вработувањето, како и за промоција на меѓуетничките односи и општествената кохезија,
- Акционен план и буџет кој се побарува за реализација на активностите предвидени со проектот,
- Извештај за добиените средства до фондот во изминатата фискална година и за начинот на нивната реализација,
- Годишен извештај и завршна сметка на здружението или фондацијата за претходната година и
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

(4) Здруженијата и фондации не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка во тековната година.

(5) Начинот на распределба на финансиските средства од членот 25 од овој закон, го пропишува директорот на Агенцијата.

Комисија за доделување на финансиски средства од фондот

Член 29

(1) За доделување на финансиските средства од членот 25 од овој закон, директорот на Агенцијата формира комисии составени од три члена, од кои два члена се од редот на вработените во Агенцијата и еден член се определува од органот на државната управа согласно со неговата законски утврдена надлежност, во зависност за која област е поднесена програмата (проектот).

(2) Членовите на комисијата се избираат за време од една година, без право на избор во наредна година.

(3) Претседателот на комисијата се избира од редот на членовите на комисијата за време од една година.

(4) Комисиите даваат предлог за доделување финансиски средства до директорот на Агенцијата, најдоцна во рок од 30 дена од истекот на рокот за пријавување на огласот.

(5) Предлогот за доделување финансиски средства од ставот (4) на овој член се утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Комисијата.

(6) Директорот на Агенцијата најдоцна во рок од седум дена од денот на доставувањето на предлогот од ставот (4) од овој член, донесува одлука за доделување на финансиските средства од членот 25 од овој закон.

Одлука за доделување на финансиски средства од фондот

Член 30

(1) Директорот донесува одлука за доделување на финансиските средства од членот 25 од овој закон, најдоцна во рок од седум дена од денот на доставувањето на предлогот од комисијата од членот 29 став (4) од овој закон.

(2) Против одлуката од ставот (1) на овој член, може да се поведе управен спор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Извештај за реализација на активностите и потрошените средства од фондот

Член 31

По завршувањето на рокот определен за спроведување на програмата (проектот), корисникот на средствата во рок од 30 дена е должен до Агенцијата да поднесе извештај за реализација на активностите и потрошените средства.

III. НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон

Член 32

Агенцијата врши надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Член 33

(1) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на здружение или фондација корисник на средства од фондот доколку во рок од 30 дена не поднесе извештај за реализација на активностите и потрошените средства, согласно со членот 31 од овој закон.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во здружението или фондации корисник на средства од фондот.

Член 34

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на здружение или фондација корисник на средства од фондот доколку ненаменски ги потроши доделените финансиски средства од фондот.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во здружението или фондации корисник на средства од фондот.

Член 35

(1) За прекршоците предвидени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) Одмерувањето на висината на глобата за здруженијата или фондации корисници на средства од фондот се врши согласно со Законот за прекршоците.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Директорот и заменик - директорот на Агенцијата продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се избрани.

Член 37

Одредбата од членот 16 став (7) точка 6) од овој закон која се однесува на условот за познавање на странски јазик ќе отпочне да се применува по две години од денот на влегувањето на сила на овој закон.

Член 38

Подзаконските акти предвидени со овој закон и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, директорот на Агенцијата ќе ги донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 39

Агенцијата за остварување на правата на заедниците основана со Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2008, 42/14 и 64/18), продолжува да работи како Агенција за остварување на правата на заедниците, согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2008, 42/14 и 64/18).

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.